АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 10.03.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 965/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен
2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ
3. **Период опфатен со надзорот:** 20 февруари 2025 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 10 март 2025 година
5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%.).

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 23 јануари 2025 година, за непочитување на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка - јавна опомена (Уп1 бр. 03-11 од 23 јануари 2025 година) на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 20 дена од денот на приемот на решението (27.01.2025 година) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуван на 20 февруари 2025 година, на локално ниво, констатирано е дека радиодифузерот **продолжил со вршење на повредата на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да*

*емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела).*

Со надзорот е констатирано дека на 20 февруари 2025 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуваше 4 часа 5 минути и 31 секунда програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **23.23%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (17 часа 36 минути и 45 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 20 февруари што влегува во пресметка за изворно создадена програма (17:36:45), е 5 часа 17 минути и 1 секунда. Телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуваше за 1 час 11 минути и 30 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, на 20 февруари 2025 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

## 9. Предлог мерка:

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 23.01.2025 година, Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ не ја отстрани повредата, односно продолжи со прекршување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- **Во согласност со член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата да поведе прекршочна постапка.**

***Сектор за програмски работи***